( Образец ПП……)

Општина Крива Паланка

**До: ______________________________________________**

**(имател на информацијата)**

## Б А Р А Њ Е

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: Крива Паланка

______________________________________________

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

______________________________________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:_

1. Дали како општина превземате конкретни мерки за превенција и зашита од семејно и родово базирано насилство врз жени?
   - Дали имате едукативни настани, кампањи, соработки...дали локалната самоуправа нуди парична помош за овие категории на жртви?
2. Што е потребно според вас да се намали бројот на случаи на семејно насилство, имате ли некои идеи за да се спречи овој проблем во градот и околните рурални места?

______________________________________________

______________________________________________

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго __________________електронски ____________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ______________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е

потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во __________, 2026 година .** ______________________________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Бр. 18-324/4
22.01 2026 год

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА** Ф 8.5/3-3

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), а во врска со член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019), член 8 од Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 60/20), член 88 став 2 и став 3 од Законот за општата управна постапка („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/15) решавајќи по барање бр. 18-324/1, 20.01.2026г. од Христина Стојановска, ул. Св. Јоаким Осоговски, 75/3 Крива Паланка, Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

Со ова решение се дава **ПОЗИТИВЕН ОДГОВОР**, се уважува барањето бр. 18-324/1, 20.01.2026г. од Христина Стојановска, ул. Св. Јоаким Осоговски, 75/3 Крива Паланка.

Бараните информации му се доставуваат на барателот како прилог акт-бр. 18-324/3, 20.01.2026г. кон ова решение.

## ***О б р а з л о ж е н и е***

Барателот Христина Стојановска, ул. Св. Јоаким Осоговски, 75/3 Крива Паланка, достави барање наш бр. 18-324/1, 20.01.2026г. поднесено на имеил на 16.01.2025г. за пристап до информации од јавен карактер согласно член 4 и 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019),.

Со барањето бр. 18-324/1, 20.01.2026г. Барателот бара да му бидат доставени следните информации и тоа:

1. Дали како општина превземате конкретни мерки за превенција и зашита од семејно и родово базирано насилство врз жени?

- Дали имате едукативни настани, кампањи, соработки...дали локалната самоуправа нуди парична помош за овие категории на жртви?

2. Што е потребно според вас да се намали бројот на случаи на семејно насилство, имате ли некои идеи за да се спречи овој проблем во градот и околните рурални места?

Информациите што се бараат од страна на барателот се информации од јавен карактер Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019), и ажурираната листата на информации од јавен карактер на Општина Крива Паланка.

**Доставувањето на бараните информации се врши со акт бр. 18-324/3, 20.01.2026г, кој претставува составен дел (прилог) на ова Решение, од координаторката за еднакви можности на жените и мажите во општината.**

Врз основа на горе наведеното а во согласност со член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019), се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против решението со кое имателот на информацијата го одбил или

отфрлил барањето, барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер согласно член 27 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 101/ 2019).

**Изготвил:**
**лужбено лице за посредување со информации**
**од јавен карактер, Лидија Митовска**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник**
**Сашко Митовски**

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр.18-324/3
20.01.2026 год.
Крива Паланка

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА** Ф 8.5/3-2

---

**До**
**Службено лице за посредување со информации**
**Лидија Митовска**

**Предмет: Доставување на информација од јавен карактер**
Врска: наш бр. 18-324/2 од 20.01.2026г.

Почитувани, постапувајќи по вашето барање со кое барате информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 101/ 2019), примено, на имеил со наш дел. бр. 18-324/2, 20.01.2026г. ви ги доставуваме бараните информации.

Информациите што се барат со барањето бр. 18-324/2, 20.01.2026г. (вкупно 2 различни информации) се информации од јавен карактер Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и Листата на информации од јавен карактер на Општина Крива Паланка.

**Ви ги доставуваме бараните информации и тоа:**

1. Дали како општина превземате конкретни мерки за превенција и зашита од семејно и родово базирано насилство врз жени?

- Дали имате едукативни настани, кампањи, соработки...дали локалната самоуправа нуди парична помош за овие категории на жртви?

**Информација за точка 1 од барањето:**

Општина Крива Паланка, во рамките на своите надлежности и согласно важечката законска регулатива, презема активности насочени кон превенција и унапредување на заштитата од семејно и родово базирано насилство врз жени.

Во таа насока, општината:

Соработува со надлежните институции, со Центарот за социјална работа, Министерството за внатрешни работи, здравствени установи и граѓански организации, со цел навремено постапување и упатување на жртвите кон соодветна институционална заштита.

Поддржува и/или учествува во едукативни и информативни активности, кампањи и настани за подигање на јавната свест за препознавање, спречување и пријавување на семејно и родово базирано насилство, особено во рамки на значајни датуми поврзани со родова еднаквост и заштита на жените или во рамки на проекти.

Преку програмата за еднакви можности, го вклучува прашањето на семејното и родово базираното насилство како тема со акцент на превенцијата и информирањето.

Во однос на директна парична помош, општината нема финансиска мерка исклучиво за жртви на семејно и родово базирано насилство, но во согласност со постојните социјални програми и во соработка со надлежните институции, може да обезбеди поддршка во рамки на постојните механизми за социјална заштита.

2. Што е потребно според вас да се намали бројот на случаи на семејно насилство, имате ли некои идеи за да се спречи овој проблем во градот и околните рурални места?

**Информација за точка 2 од барањето:**

Намалувањето на бројот на случаи на семејно и родово базирано насилство бара системски и долгорочен пристап, кој вклучува координирано делување на сите релевантни чинители.

Според општината, клучни фактори за спречување на овој проблем се:

Континуирана едукација и подигање на јавната свест, особено во руралните средини, за препознавање на различните форми на насилство и за охрабрување на жртвите и сведоците да го пријават насилството.

Зајакнување на меѓуинституционалната соработка помеѓу локалната самоуправа, Центарот за социјална работа, полицијата, образовните и здравствените институции, како и граѓанските организации.

Обезбедување полесен пристап до информации за постојните услуги и механизми за заштита, особено за жените во руралните подрачја.

Работа со млади и образовни институции на теми поврзани со родова еднаквост, ненасилна комуникација и здрави семејни односи, како превентивна мерка на долг рок.

Општина Крива Паланка смета дека преку комбинирање на превентивни активности, институционална поддршка и засилена соработка со локалната заедница, може постепено да се придонесе кон намалување на семејното и родово базираното насилство на локално ниво.

Бараните информации ви ги доставуваме на начинот наведен во барањето.

Со почит.

Изготвил:
Гордана Ристовска
Координаторка за еднакви можности
на жените и мажите

..............................................................................................

**Градоначалник на Општина Крива Паланка**
**Сашко Митовски**